УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# З Б О Р Н И К

## НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА „ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА“



ШТИП, 2016

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

# „ ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА “

(одржана на ден **7.10.2016** година, Факултет за образовни науки, Штип)

2016, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
проф. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

**Јазично уредување - Language Editor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф. д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Даниела Коцева
доц. д-р Ирена Китанова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

37.011.3-051 (082)

ПРЕДИЗВИЦИТЕ и перспективите на учителската професија:
научно-стручна трибина: (одржана на ден 7.10.2016 година, Факултет
за образовни науки, Штип) / [уредувачки одбор Снежана
Јованова-Митковска ... и др.]. - Штип: Универзитет „Гоце Делчев“,
Факултет за образовни науки, 2016. - 136 стр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-244-365-2

а) Учителска професија - Зборници
COBISS.MK-ID 102229002

**СОДРЖИНА**

Предговор ...........................................................................................................................6

Снежана Јованова – Митковска
ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ!.........................................................................................................7

Оливер Цацков
УЧИТЕЛОТ - ЛИЧНОСТ ШТО ТРЕБА ДА СЕ СЛЕДИ И ПОЧИТУВА....................................12

Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Даниела Коцева, Ирена Китанова
ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ И ПЕРСПЕКТИВИТЕ НА ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ ………..............17

Елена Ташкова, Лидија Камчева Панова, Страхил Газепов
ПРЕДИЗВИКОТ НА УЧИТЕЛОТ ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО РЕФРАКТОРНИ АНОМАЛИИ ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП ……......................23

Снежана Јованова – Митковска, Билјана Попеска
ЕФЕКТИВНАТА, ЕФИКАСНА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ - ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНКОТ ВО СОВРЕМЕНОТО УЧИЛИШТЕ...................................................................29

Даниела Коцева, Снежана Мирасчиева, Емилија Петрова Ѓорѓева, Ирена Китанова
ИНТЕРКУЛТУРНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ОПШТЕСТВА ..........................................................................37

Елизабета Симоновска
ВОСПИТУВАЧИТЕ И НАДАРЕНОСТА КАЈ ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА ..............................42

Весна Димитрова
ВЛИЈАНИЕТО НА КРЕАТИВНАТА СРЕДИНА ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ПРЕДУЧИЛИШНИТЕ ДЕЦА ………………………………………………….....................................................44

Весна Ничева, Нада Арсова
КРЕАТИВНОСТ ВО НАСТАВАТА ..........................................................................................49

Ирена Китанова, Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Даниела Коцева
МОЖНОСТИ И ФОРМИ НА РАБОТА СО НАДАРЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ……………………………………………………….......................................57

Верица Јосимовска
ИНОВАТИВНИ МЕТОДИ ВО УЧЕЊЕТО И ПРОУЧУВАЊЕТО НА ЧУВСТВИТЕЛНИ И КОНТРОВЕРЗНИ ИСТОРИСКИ ТЕМИ ……………………….............................................62

Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
ФРАЗЕОЛОГИЗМОТ ВО НАСТАВАТА ПО СТРАНСКИ ЈАЗИК – ПРЕЧКА ИЛИ ПРЕДИЗВИК ……………………………………………………………………………………...............................66

Ленче Насев
УЛОГАТА НА СОВРЕМЕНИОТ НАСТАВНИК ВО НАСТАВАТА ПО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ …..................................................................................................................73

Снежана Мирасчиева, Виолета Петкова
СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО БАЛЕТ ВО ОСНОВНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА - ПРЕДИЗВИК ЗА УЧИТЕЛОТ……………………………..................................77

Билјана Попеска, Снежана Јованова – Митковска
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА BRAIN BREAK ВО УЧИЛИШТАТА ВО МАКЕДОНИЈА И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ИСКУСТВАТА ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ...................................83

Ружица Коштанова, Катица Костова
МОДНИТЕ РЕВИИ ВО СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИКОТ..........................................................................................................................90

Емилија Петрова Ѓорѓева, Снежана Мирасчиева, Ирена Китанова, Даниела Коцева
ВИДОВИ АСОЦИЈАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ МЛАДИТЕ СРЕДНОШКОЛЦИ……..................95

Емилија Угриновска, Билјана Илиев
СПОСОБНОСТИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ СО ПСИХОСОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ .............................................................................................100

Киро Јорданов
ДИСЛЕКСИЈАТА - ПРЕДИЗВИК НА 21 ВЕК ……………….............................................104

Трајче Стојанов
КАЛОКАГАТИЈА КАКО ВОСПИТЕН ИДЕАЛ …………………………………….…..............118

Милена Ристова Михајловска
ПРЕКУ ХЕРМЕНЕВТИЧКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ И АНАЛИЗА НА ТЕКСТ, СРЕДНОВКОВНАТА КНИЖЕВНОСТ ПОБЛИСКУ ДО СОВРЕМЕНИОТ ЧИТАТЕЛ, УЧЕНИК И СТУДЕНТ ..............................................................................................................................124

Данче Николовска Вратеовска
СТИЛИЗИРАНИ ФАКТИ ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ЦИКЛУСИ И ПОТРЕБАТА ОД АНТИЦИКЛИЧНА МАКРОЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА………………………………..............134

**УДК 373.3.018.54:78]:37.016**

**Прегледен труд**

# СОДРЖИНИТЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ ПО БАЛЕТ ВО ОСНОВНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА - ПРЕДИЗВИК ЗА УЧИТЕЛОТ

**Снежана Мирасчиева[1], Виолета Петкова[2],**
**[1]Факултет за образовни науки, [2]студент на втор циклус академски специјалистички студии на Факултет за образовни науки**

**Апстракт:**
Во историјата на македонскиот народ, општествено – политичките промени имаат влијание врз сите сегменти на општествениот живот, вклучувајќи ги културата и образованието. Неизоставен дел од овие промени претставуваат и балетската уметност и образование во Р. Македонија, кои денес, го нижат своето шестдецениско постоење во континуиран раст и развој. Во трудот вниманието го насочивме кон содржините во наставните програми по балет од перспектива на учителот.
**Клучни зборов**и: образование, балет, училиште, наставни содржини.

# CONTENTS OF CURRICULA FOR BALLET IN ELEMENTARY MUSIC SCHOOLS - CHALLENGE FOR ATEACHER

**Snezana Mirascieva[1], Violeta Petkova[2]**
**[1] Faculty of Educational Sciences [2] Student of the second cycle academic specialist studies at the Faculty of Educational Sciences**

**Abstract**
In the history of the Macedonian people, socio - political changes affect all segments of society including culture and education. Ballet and education are integral parts of these changes in the Republic Macedonia today, that have existed for six decades continually growing and developing. In this paper the attention is directed to the content of the ballet curriculum from the perspective of the teacher.
**Key words:** education, ballet, school, teaching contents

## Вовед

По завршувањето на Втората светска војна, воспоставувањето на Македонија како федеративна единица во рамките на СФРЈ и прифаќањето на социјалистичкиот модел на општественото уредување битно влијае на сите сегменти на општествениот живот, вклучувајќи ги културата и образованието. Од една страна, посебно внимание му се дава на пропагирањето на македонскиот фолклор како знак на националната самобитност. Од друга страна, понатаму продолжува процесот на европеизирање на формите на културното живеење, вклучувајќи го балетскиот живот и образование. Во таа насока во Македонија биле отворени нижи и средни музички училишта во повеќе градови со што се забележува

значителен подем на квалитетот на музичкиот живот и развој на формите на музичката дејност меѓу кои и балетската дејност. Исто така, овој период се карактеризира со основањето на Македонскиот балет, кој од неговото формирање (1948 година) до 1991 година редовно работи во состав на Македонскиот народен театар во Скопје. Оваа форма и денес е присутна и дејствува како Национален балет при Националната установа Македонската опера и балет. Во тој период, во рамките на воспитно - образовните институции се јавуваат првите балетски групи на модерен танц. По осамостојувањето на Република Македонија во 1991 г. одредени форми на музичкиот живот и образование продолжуваат да постојат, некои исчезнуваат, а се јавуваат и нови. Во текот на 90 – те години од XX век, балетското образование добива професионален карактер со отворање на балетската класа во рамките на основните музички училишта (како што е примерот со ОМУ „Васо Карајанов" во Гевгелија). На овој начин се создадени услови за запознавање со основите на балетската теорија и практика и професионално изучување на балетските движења, теоретското изучување на балетската уметност, запознавање со терминологијата на балетот, историјата на балетската уметност. Истражувањето на овие специфики, како и факторите кои влијаат на функционирањето на балетското образование, се од посебен интерес, придонесувајќи, од една страна, за создавање на историската перспектива, а од друга страна за планирањето на културното живеење во државата.

**Историски димензии на развојот на балетската уметност во Република Македонија**

Не може да се говори за содржините на наставните програми по балет во основните музички училишта од перспектива на учителот, без да се имаат во вид почетоците на балетското образование кај нас. За почетоците на домашниот балет, Бранѓолица, композитор и балетски критичар, запиша: „Чудесен е фактот како на почвата на Македонија, како по некој долгоочекуван дожд во савана, кој дава животни импулси на скриеното семе, годината 1949 ги извлече младите ентузијасти и откривајќи го полето на балетската уметност, им отвори пат за напредување, давајќи им скромна, но сепак, шанса, да израснат во цврсти растенија, користејќи го веќе со нивното растење сето што од нив дури подоцна се очекувало. Беа уште деца од 13-14 години, кога играа во претставите и истовремено го посетуваа Балетското училиште. Така го почнаа својот пат, првата генерација балетски уметници во МНТ. Денес, кога таа генерација е во пензија, а третата и четвртата (и петата и шестата) ги заземаат нивните места... треба да се забележи дека таа уметност веднаш даде забележливи резултати, што зборува за чувството и поседувањето на смислата за танц кај народот". Програмата на балетот во досегашното постоење вклучува балети со поголем стилско – естетски распон како преку дела на балетската класика, така и преку дела настанати во XX век. Посебно место во репертоарот заземаат балетите на македонските композитори. Македонскиот балет, кој во однос на светските центри бележи кус развоен период, во најголем дел е ориентиран кон класичното балетско творештво. Причината за тоа лежи во определбата на другите центри на југословенско ниво кон оваа стилистика, бидејќи размената на кадри диктира и насочување на младиот новоформиран македонски ансамбл кон усвоените форми. Од друга страна, перманентното присуство на руски професионален кадар, како на педагошко – репетиторски, така и на кореографски план, ја зацврстува класичната стилска детерминанта. Ваквиот творечки од е логичен и оправдан поради потребата да се постави

цврст фундамент, кој подоцна ќе се надградува. Меѓутоа покрај класичниот репертоар на програмата во првите четириесет години не се наоѓа ниту едно дело кое е репрезент на паралелниот стил – модерниот танц. Оваа струја на современиот театар од XX век, долг период е непозната за македонските љубители на танцовата уметност. Дури во последната деценија од минатиот век почнува процесот на формирање и афирмација на овој израз преку младата креативна сила која ги донесе „новините“. На домашна сцена се појавија неколку мошне маркантни кореографски фигури, кои според творечката преокупација ги класифицираме во групата модерен танцов театар. Евидентно е дека севкупните општествени промени ги трасираат и глобалните развојни правци на образовниот систем за да се постигне: проширување на процесите на демократизација во образованието; подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието; соработка со земјите од Европската Унија и со соседните земји. Следејќи го тој тренд, Националната програма за развој на образованието во Република Македонија има за цел развивање и унапредување на знаењата и зајакнувањето на културата на живеење на граѓаните. Таа настојува да даде полн придонес за остварување на одржлив развој и подобрување на општеството и негово афирмирање како рамноправен и респектабилен член во европското и светското опкружување. Културата на живеење претставува процес на градење на квалитетен живот преку осознаени лични и колективни искуства, потреби и интереси на поединецот и активен однос кон животните вредности. Во тој контекст, основните училишта имаат обврска на децата и младите да им овозможат развивање и поттикнување на животни стилови, кои соодветствуваат на нивните индивидуални потреби и интереси, како животни вредности и цивилизациски придобивки. Во таа смисла се трансформираа основните училишта, а со предложената организација на наставата, врз основа на специфичностите на одделни развојни периоди се создадоа поголеми можности кај учениците за континуирано проширување и продлабочување на системот на знаења и вештини. Така, во првиот воспитно – образовен период, кој ги опфаќа I, II и III одделение, во наставниот предмет Музичко образование е застапена темата: *Музика и движење* која се изучува во рамките на 25 наставни часа со цел кај учениците:  да развива осет за ритам;  да се поттикнува да ги усогласи своите движења со ритамот на музиката;  да се поттикнува да ги усогласи своите движења со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика); да се запознае и изведе едноставни народни ора; да се поттикнува да изведува движења според однапред утврдена кореографија. За постигнување на целите, учениците се запознаваат и изведуваат различни музичко-ритмички чекорења, учествуваат во музички драматизации, танци и ора. Во вториот воспитно – образовен период, кој ги опфаќа IV, V и VI одделение, наставната тема: *Музика и движење* е застапена во предметот творештво. Основните цели во оваа тема се: да се поттикнува да ги усовршува веќе совладаните елементи при создавање на своја едноставна кореографија; да ги поврзува елементите во склад со ритамот; да ги усовршува основните чекори и начини на движења и да ги модифицира, согласно своите можности;  да се воведува во спознавање на патот на творење на музичко сценско дело; да се развиваат ритмички и грациозни движења усогласени со различни видови на музика; да се поттикнува да учествува во танцови драматизации. Во третиот воспитно – образовен период, учениците во IX одделение ги изучуваат историските карактеристики на содржината балет преку наставната тема: *Слушање музика* по предметот Музичко воспитание со цел: запознавање со жанрот балет; да ги разбере

карактеристиките на жанрот балет; да објаснува за музичките карактеристики на балетот. Во текот на втората половина од XX век, во поголемите градови во Македонија, започнале да се отвораат државни музички и балетски училишта каде што се изучуваат само стручните предмети, без вклученост на општите, односно, учениците го посетуваат основното музичко училиште паралелно со основното осумгодишно општо училиште. Основното музичко и балетско образование и воспитание се организира за создавање услови за ширење на музичката и балетската култура и за подготвување на учениците за натамошно образование во овие области од уметноста.

**Содржините на наставните програми по балет во основните музички училишта - предизвик за учителот**

Со формирањето на балетскиот оддел во основните и средни музички училишта, воспитно – образовниот процес се води и планира низ призмата на наставниот план и програма кои датираат од 1996 година, а подоцна со промените коишто настануваат со трансформација на основното осумгодишно во деветгодишно образование и наставата по балет трпи промени. Во понатамошниот текст ќе ги наведеме клучните промени во основното балетско образование анализирани преку наставните планови и програми кои датираат од 1996, 2010 и 2015 година.

Според наставниот план за воспитно-образовната дејност на основното балетско образование кој датира од 1996 година, наставата по балет се изучува четири години (одделенија) со една година – подготвителен период, а се изучуваат следниве наставни предмети: Класичен балет (главен стручен предмет, застапен во сите одделенија со по 4 часа неделно во подготвителна година и по 10 часа неделно од прво до четврто одделение); Историски игри се изучува со по 2 часа неделно во прво и второ одделение; Модерен балет се изучува со 2 часа неделно во трето одделение и предметот Карактерни игри кој се изучува 2 часа неделно во четврто одделение. Целта на наставата претставува развивање на способностите на учениците за изразување на внатрешните содржини на својата личност со помош на балетски изразни средства, преку запознавање со основите на класичниот балет и балетската традиција и професионално насочување на нивните интереси. Задачите кои произлегуваат од наставата се во насока на: оспособување на учениците за совладување на техничко – уметничкиот балетски израз; професионално насочување на учениците преку културната и јавната дејност и другите облици на воспитно – образовната работа; оспособување на учениците за понатамошно балетско образование; развивање на љубов кон балетот и балетската традиција на нашиот народ и останатите народи во светот; изградување на сестрано развиена личност со позитивен однос кон работата, другите луѓе и сопственото понатамошно усовршување и развиток. Во наставниот план е образложено дека целите и задачите на наставната програма за основното балетско образование се остваруваат како во рамките на редовната настава, така и преку јавната и културна дејност како негов неопходен, составен дел, кој овозможува сценско техничко-уметничко интерпретирање на изучените содржини со балетски изразни средства костими и соодветен простор и распоред во колективните игри.

Со наставниот план и програма за основно балетско образование од 2010 година, покрај измените на бројот на часови неделно по одреден предмет се вклучува и нов предмет Гимнастика кој се изучува во прво и второ одделение со по 2 часа неделно. Исто

така и возрасната граница со која ученикот може да се опфати во основното балетско образование се поместува од осум/деветгодишна возраст на девет/десетгодишна возраст според наставниот план и програма.

Промените што се направени во однос на основното балетско образование од 2010 година се во однос на возрасната граница со која од 6 годишна возраст учениците можат да го започнат своето балетско образование. Според новиот наставен план кој датира од 2015 година, основното балетско образование може да трае најмногу 9 години. Исто така, основното балетско образование може да трае и помалку години, доколку учениците се вклучуваат во погорните одделенија, но не покасно од трето одделение. Тие ученици се обврзани да полагаат испит според наставните програми до одделението до коешто се вклучуваат за што им се издава соодветен документ, согласно закон. Сега се воведува нов наставен предмет од I до III одделение – Основи на балетот. Додека останатите наставни предмети и нивниот број на часови остануваат исти во размерни граници т.е. наставниот план од I до VI одделение од 2010 година, поради воведување на уште три нови години во рамките на балетското основно образование, сега се изучува од IV до IX одделение со истите предмети и нивниот број на часови. Целта на организирањето и реализирањето на основното балетско образование е да се создадат услови за ширење на балетската култура, како и да се подготват учениците за натамошно образование во оваа област од уметноста.

Анализата на содржини во наставните програми за основно балетско образование се предизвик за учителот. Имено, одделни содржини од балетското образование, теоретски и практични се застапени по предметот Музичко образование во основните училишта уште во прво одделение, преку темата: *Музика и движење, Слушање музика со цел* да се развива чувството за ритам; да се поттикнува ученикот да ги усогласи своите движења со ритамот на музиката, со музичките карактеристики (ритам, темпо, динамика); да се запознае и изведе едноставни народни ора; да се поттикнува да изведува движења според однапред утврдена кореографија сè до запознавање со жанрот балет, разбирање на карактеристиките на жанрот балет, објаснување на музичките карактеристики на балетот. Тоа е предизвик за учителот, затоа што постигнувањето на целите бара не само солидна теоретска подготвеност, туку и физичка кондиција на учителот, а истовремено и следење на новите музичко - балетски дострели.

**Заклучок**

Балетското образование на македонско тло од почетокот до денес е постојано во развој. Во целиот развоен период сосема е јасна тесната поврзаност на балетското образование со актуелните општествени збиднувања и нивното влијание на обликувањето на културно – уметничкото живеење. Спецификата на балетското образование е интегрираноста на образовната и апликативно-уметничката компонента, со што институциите во кои се одвива формалното или неформалното балетско образование, воедно стануваат и центри за организација и одвивање на музичките збиднувања, манифестации, приредби. Со тоа, образовните институции истовремено стануваат субјекти на културниот живот во градот и регионот. Влијанието на балетското образование врз музичкиот живот се остварува во неколку насоки: втемелување на репертоарот, непосредно вклучување во музичкиот живот преку сопствена продукција (настани, дела), создавање на стручниот кадар (уметници,

творци), создавање на публиката. Развојот и институционализирањето на балетското образование укажува на неговото прилагодување на задачата за европеизирањето на балетската култура и живот, култивирањето на соодветни изведувачки состави, репертоар. Со појавата на сегментот професионално балетско образование се зголемуваат можностите за ширењето на танцувачката уметност кај нас. Исто така, се воочува дека институциите за балетско образование, дури и во нивната најрана фаза, имаат повеќенаменска улога: покрај својата примарна образовна функција, тие, со своите изведувачки ансамбли како краен резултат на образовниот процес, стануваат повеќе или помалку активни чинители на културно - уметничкиот живот, но истовремено силно влијаат врз националното осознавање на народот. Затоа содржините во наставните програми по балет во основните музички училишта се повеќе од предизвик за учителот. Впрочем низ разните форми на популаризација и претставување на балетското образование надвор од институцијата како јавни часови, рецитали, учества на фестивали, натпревари се огледало за неговата работа и предмет на вреднување на постигањата на учениците.

**Литература**


- Бранѓолица, Љ. (1994). Балет. Скопје: Културно просветна заедница на Скопје
- Здравкова-Џепароска, С. (2001). Дискурси на танцовата уметност на XX век. Скопје: Југореклам
- Кантарџиев, Р. (2002). Историја на образованието и просветата во Македонија. Скопје: Просветно дело
- Ортаков, Д. (1982). Музичката уметност во Македонија. Скопје: Македонска ревија
- Наставен план и програма за основните балетски училишта (1996). Скопје:Сл. в. на РМ бр. 35
- Наставен план и програма за основните балетски училишта (2010). Скопје:МОН
- Наставен план за основно музичко и балетско образование (2015). Скопје:МОН достапно на http://bro.gov.mk/docs/nastavniplanovi/ NASTAVEN % 20PLAN%20 ZA %20OSNOVNO%20MUZICKO%20I%20BALETSKO%20OBRAZOVANIE.pdf